# НАЦРТ ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УКИМ – СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2023 – 2026 ГОДИНА

**ИЗГОТВЕНА ОД ПРОФ. Д-Р СОЊА БОЈАЏИЕВА, КАНДИДАТ ЗА ДЕКАН**

**СОДРЖИНА**


| | |
|---|---|
| I СИТУАЦИОНА АНАЛИЗА | 3 |
| II ОПШТИ  ИДЕИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО | 8 |
| III ОРГАНИЗАЦИЈА, ИНТЕГРАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КАДРИТЕ | 11 |
| IV  ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 12 |
| V НАУЧНА ДЕЈНОСТ | 14 |
| VI БИБЛИОТЕКА | 17 |
| VII Меѓународна соработка и двојна диплома | 19 |
| VIII МЕЃУНАРОДНА МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИ И НАСТАВНИЦИ | 22 |
| IX Студенти | 24 |
| X **За крај: Не ветувам само зборови, туку остварувам. Погледнете ги моите резултати** | 26 |

Почитувани колеги,

Оваа програма ја пишувам точно 76 години по одржувањето на првиот „Професорски совет“ на Медицинскиот факултет во Скопје - 17 март 1947 година.

Медицинскиот факултет е еден од симболите на нашата државност, еден од столбовите на нашата самобитност.

Ние, лекарите вработени на клиниките, институтите и другите наставни бази, некако живееме „во интересни времиња“ полни 30 години, цела наша независност.

Всушност, тоа е наша одговорност, наша обврска и наша должност.

Денес имаме должност на генерациите кои доаѓаат по нас да го предадеме факултетот подобар, поубав и посилен од она како ни бил предаден нам.

Има една стара еврејска клетва: „Да живееш во интересни времиња“ (May you live in interesting times“) [i]

Дали треба да се жалиме? – НЕ!

Дали сме направиле доволно до сега? – Сигурно сме можеле и подобро!

Дали треба да се обидеме да го направиме нашиот факултет подобро место? – Апсолутно ДА!

Уште еднаш да повториме: наша одговорност, наша обврска и наша должност е Медицинскиот факултет (М.Ф.) Скопје да биде подобар во идниот период.

Да биде урнек за универзитетот!

Да биде установа кон која тежнеат младите!

Се надевам дека идеите од Програмата за работа на Медицинскиот факултет за периодот 2023-2026 ќе бидат добра основа заеднички да донесеме Програма за работа и истата да ја спроведеме.

Со почит,
Проф. д-р Соња Бојаџиева с.р.,

# I. СИТУАЦИОНА АНАЛИЗА

На почетокот на секој план треба да се направи анализа: каде сме, кои се причините за нашата сегашна состојба и каде можеме да се подобриме.

Медицинскиот факултет има тројна функција:

-Врвна здравствена установа;

-Врвна наставна установа;

-Врвна научна установа.

Врз база на информациите со кои располагам, ќе се обидам да дадам воведни информации за тоа каде стоиме по сите три основи.

Да почнеме со базичниот проблем: **Немаме доволно информации**

**Немаме доволно општи информации:** на пример, број на вработени; број на наставници и соработници; просечен сооднос професор-студенти (faculty-staff ratio) итн.

Последната достапна „општа информација “ е од Извештајот за самоевалуација 2016-2019, страница 8.[ii]

Со оглед на промените во бројот на вработени во последните години, веројатно ситуацијата е променета.

Табела 2.2.1 Број на вработени на Медицински факултет Скопје

| | Наставно-научен кадар | Научен кадар | Соработнички кадар (асистенти, помлади асистенти и асистенти докторанди) | Стручен и административен кадар |
|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на вработени **со полно работно време** | 69 | 19 | 27 | 231 |
| Вкупен број на вработени **со пет часа неделно** | 178 | 61 | 206 | / |

**I.1 Медицинскиот факултет како врвна здравствена установа нема доволно информации за јавноста.**

Медицинскиот факултет не прави доволно во споделувањето информации со јавноста, како со стручната така и со пошироката.

Сепак, дел од нашата мисија мора да биде служење на заедницата. Како врвна терцијарна здравствена установа имаме одговорност кон: а) сегашните и идните студенти, б) пациентите но и в) кон сите граѓани кои преку своите даноци и придонеси го финансираат нашето работење.

Што прават нашите клиники и институти, со што се соочуваат, со какви проблеми се борат, дали имаме доволно вработени?

Обично сме на мета на јавноста кога имаме случај кој некои новинари го сметаат за “небрежно лечење“ или тешка заразна болест.

Што сме направиле за едукација на новинарите? Што сме направиле за споделување на информации со јавноста? Скоро ништо!

Да биде ситуацијата полоша, денес, во 2023 – та година, ниту една катедра, ниту една клиника, немаат сопствена веб страница?

Само Медицинска хемија има екстензија ukim.edu.mk, но и таа не работи. Факт е дека ниту една катедра нема потстраница/ subpage/ на основаната страница на Медицинскиот факултет.


Медицински факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

ЗА НАС | ФИНАНСИИ | СТУДИРАЊЕ | УПИСИ | КАДАР

ЗА НАС
- Деканат
- Мисија и визија
- Историјат
  - Декани на Медицински факултет
- Јубилеи
  - Јубилеј 70 години
  - Јубилеј 75 години
- Органи на факултетот
  - Наставно-научен совет
  - Декан и продекани
  - Деканатска управа
  - Органи на управување
- Внатрешна организација
  - Катедри
  - Институти
  - Клиники
  - Центри
  - Наставни бази
- Здравствена дејност
- НАУКА
  - Проекти
    - Меѓународни проекти
    - Национални проекти
    - Проекти на МЕДФ
  - Списание АМЈ
  - Публикации

КАТЕДРИ

- Катедра за медицинска хемија – http://www.katmedhem.ukim.edu.mk
- Катедра за анатомија – http://www.anatomija.mk
- Катедра за биохемија
- Катедра за хстологија со ембриологија
- Катедра за физиологија
- Катедра за микробиологија со паразитологија
- Катедра по патолошка анатомија
- Катедра за патолошка физиологија
- Катедра за фармакологија со токсикологија
- Катедра за имунологија – http://www.iibhg.ukim.edu.mk/Obrazovanie/KatedImuno.htm
- Катедра за епидемиологија со статистика и информатика
- Катедра за социјална медицина
- Катедра за судска медицина
- Катедра за медицинска етика
- Катедра за нуклеарна медицина
- Катедра за радиологија
- Катедра за интерна медицина
- Катедра за педијатрија
- Катедра за инфективни болести
- Катедра за неврологија – http://www.nevrologija.com.mk
- Катедра за психијатрија и медицинска психологија
- Катедра за онкологија со радиотерапија
- Катедра за дерматовенерологија
- Катедра за хирургија
- Катедра за ортопедија – ortopedijakatedra@gmail.com

Слично е и со информации за институтите.[iii]

Само Институтот за анатомија има функционална страна, но и таа не е дел од Медицинскиот факултет.


ИНСТИТУТИ

- Институт за анатомија – www.anatomija.mk
- Институт за имунобиологија и хумана генетика – www.iibhg.ukim.edu.mk/index.html
- Институт за медицинска физиологија и антропологија
- Институт за микробиологија и паразитологија
- Институт за медицинска и експериментална биохемија
- Институт за медицинска хистологија и ембриологија
- Институт за патолошка анатомија
- Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика
- Институт за судска медицина и криминалистика
- Институт за патолошка физиологија и нуклеарна медицина
- Институт за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија
- Институт за социјална медицина

**I.2.Медицинскиот факултет како врвна образовна установа нема доволно информации кои се потребни за оценка на квалитетот на наставата.**

Флоскулата „Ние сме врвна образовна установа" звучи многу добро и е веројатно точна. Но фактите говорат дека: а) не знаеме колку сме добри или лоши, и б) не знаеме каде и како треба да се подобриме.

Да го земеме за пример индикаторот „просечно време на завршување на студии".

Бројката за Медицинскиот факултет е како што следи:

**Табела: Број на дипломирани студенти во предвидениот рок и просечно времетраење на студии**[iv]

| | Општа медицина | Тригодишни стручни студии | II циклус стучни студии по клиничка логопедија | II циклус на академски студии по јавно здравство | III циклус на академски студии |
|---|---|---|---|---|---|
| % на дипломирани/ докторирани во предвидениот рок | | | | | 36-43% |
| % на дипломирани/ докторирани по предвидениот рок | | | | | / |
| Просечно времетраење на студиите (години) | | | | | 4-6 год |

Како што се гледа, „бројот на дипломирани студенти на време" и „просечно време на студирање" се еднакви на празно множество. Извор: последниот Извештај за самоевалуација објавен на страницата на Медицинскиот факултет, а тоа е извештајот за 2016-2019 година.

Во 21 век, во време на информатичко општество, Медицинскиот факултет нема основни податоци.

Не постои начин: а) да ја анализираме состојбата - каде сме добри а каде не сме доволно добри, и б) да работиме на мерки за подобрување на наставниот процес и да ги мериме тие подобрувања, доколку немаме влезни податоци.

За почеток, добро би било да ги анализираме:

-просечното време на студирање на Медицинскиот факултет -Скопје

-проодност од година во година

-да направиме споредба со споредливи медицински факултети, на пример Белград и Загреб.

Да не излезе дека само критикуваме - постојат информации кои треба да се обработат за да добијат смисла и тие да се употребливи. На пример, цитираниот Извештај за самоевалуација ја има следната табела:

### 2.3.1 Студенти на прв циклус на студии

Табела 2.3.1.1 Број на студенти на студиска програма – општа медицина

| Академска година | Број на запишани студенти | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I година | II година | III година | IV година | V година | VI година | Вкупно |
| 2016/2017 | 393 | 329 | 318 | 247 | 196 | 171 | 1654 |
| 2017/2018 | 311 | 364 | 298 | 274 | 155 | 165 | 1567 |
| 2018/2019 | 333 | 288 | 351 | 266 | 244 | 151 | 1633 |
| вкупно | 1037 | 981 | 967 | 787 | 595 | 487 | 4854 |
| | | | | | | | |
| просек | 304,3 | 294,3 | 326,3 | 189,7 | 175,7 | 179,7 | |

Вака дизајнираната табела не значи ништо, но ако ја анализираме, можеме да ѝ дадеме значење и таа да стане корисна алатка за унапредување на наставата.

Анализата на групата на студенти запишани во 2016/2017 покажува дека:

-Напредувањето на студентите од година во година изнесува:[1]

- Од прва во втора година: 92% и
- Од втора во трета: 96%

Ги немаме бројките за следните години, да видиме каде доаѓа до намалување на бројот на студенти и кои се причините за тоа.

**I.3. Медицинскиот факултет како врвна научна установа: Имаме концентрирана база на публикации – но немаме анализа на истражувачкиот опус.**

Долги години, Медицинскиот факултет, заедно со ПМФ – Институтот за хемија и Факултетот за Електротехника и информатички технологии - ФЕИТ, е еден од носителите на научниот опус на УКИМ. Но, се разбира, секогаш може да се биде подобар.

За почеток, треба да ја пофалиме сегашната концентрација на сите публикации на Медицинскиот факултет во базата на УКИМ.[v]




[1] Пресметано како запишани во втора година, 2017, во однос на прва година, 2016.

## I.4 SWOT Анализа

Ситуационата анализа завршува со анализа на силни и слаби страни, како и закани и можности.

Со резерва, бидејќи ги немаме сите потребни информации, давам краток предлог на SWOT анализа.

Доколку бидам избрана за декан, периодот од изборот до стапување на должност би го искористила заедно со Деканската управа и ННС заеднички да изготвиме SWOT и ситуациона анализа на факултетот.

| Силни страни | Слабости |
|---|---|
| Врвна терцијарна установа во државата<br>Установа кон која луѓето ќе се стремат да студираат;<br>Квалитетен кадар | Технички и просторни услови<br>Проблеми во управувањето со клиниките и Клиничкиот центар: повеќе директори, посебна служба за заеднички работи создаваат хаос и нехигиена во кругот на Клиничкиот центар;<br>Политизација на директорските места на клиниките – како наша наставна база<br>Одлив на кадар |
| **Можности** | **Закани** |
| -Двојна или заедничка диплома со универзитет од ЕУ | -Формирање на приватни факултети: Систина<br>-Експанзија на УГД во соработка со болниците Жан Митрев и Систина.<br>-Бесплатни студии во Словенија и Германија. |

## II. ОПШТИ ИДЕИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО

**II.1 Воспоставување на „Центар за самоевалуација и подобрување на квалитетот "**

Центарот за квалитет би се вовел со следните задачи:

- унапредување на наставата,
- унапредување на односите со заинтересирани страни, унапредување на општите услуги кои ги пружа Медицинскиот факултет;
- евалуација и следење на квалитетот на Медицинскиот факултет.

Идејата би била Медицинскиот факултет да усвои „Критериуми и стандарди" со кои ќе го дефинира своето работење.

Извршен раководител би се именувал по пат на отворен конкурс, но врз основа на еден критериум: да го познава начинот на евалуација во европскиот високообразовен простор (EHEA – European Higher Education Area).

Од аспект на финансирање, Центарот би се формирал од постојната стручна служба, преку преквалификација.

**Цел II.1**

| Активност | Рок | Финансирање | KPI[2] |
|---|---|---|---|
| Формирање на Центар за квалитет | 30.06.2023 | Една бруто плата годишно, или прераспределба во рамки на администрацијата | • Формирање<br>• Генерирање на прв извештај до 31.12.2023 |

Центарот за контрола на квалитет би иницирал една ревизија на работењето – во ранг на акредитациска посета од страна на некоја членка на ENQA, како на пример AHPGS [vi], акредитатор од Германија во областа на медицината и општествените науки.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Сведоци сме на чести промени во раководните места на клиниките, кои се наша наставна база.

Ваквиот начин на раководење создава проблеми и во работењето на Медицинскиот факултет.

[2] Key Performance Indicator - Индикатор со кој се мери спроведеното

Изборот на раководители на ЈЗУ, кои се наставна база, само од редот на наставниците, претставува единствен начин за одржување и развој на квалитетот на наставната и здравствената дејност.

**II.2.2. Распределба на средства од специјализациите - член**140 став 8 од Законот за здравствена заштита

Предлагаме средствата за специјализации да ги исплатува ВОУ – МФ директно на менторите и едукаторите.

**Цел II.2**

| Активност | Рок | Одговорно лице | KPI |
|---|---|---|---|
| Иницирање на законски промени | 31.12.2023 | Декан и ННС | До 120 пратеници и до |

**II.2 ИЗГРАДБА НА ИНФОРМАТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ – веб страница на Медицинскиот факултет, на катедрите и наставните бази, службени адреси на електронска пошта, организирано присуство на Research Gate, Google Scholar, ORCID**

За да го зголемиме влијанието на Медицинскиот факултет, ќе распишеме повик за дизајнирање на веб страница на факултетот, катедрите и институтите.

Вработените на Медицинскиот факултет и членовите на ННС користат приватни адреси на електронска пошта.
Со тоа се испраќа многу лоша порака – порака на непрофесионализам.
За службени активности треба да се користат службени адреси на електронска пошта.

Сите професори ќе имаат стандардизирана биографија. Сите професори треба да имаат корисничка сметка на Research Gate, Scholar, ORCID. Ефектите на ваквиот настап се кумулативни и ќе можеме да имаме зголемување на цитираноста и визибилноста на факултетот.

**Цел II.3 Информатичка инфраструктура**

| Активност | Рок | Одговорно лице | Финансиски средства | KPI |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на веб страница на МФ | 31.12. 2023 | Декан и ННС | Проценка според методологија за јавни набавки | Активна страница |
| Службени адреси за службена комуникација | 31.12. 2023 | | | Користење само на службени адреси |

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА, ИНТЕГРАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КАДРИТЕ

Факултетот е организиран во согласност со позитивните прописи. Факултетот не е интегриран. Не се познаваме доволно. Доаѓаме на седници на ННС и не го познаваме нашиот сосед. Не знаеме што прави другата катедра на која ние не сме членови.

За таа цел, ќе воведеме: **месечен состанок на ННС – презентација на катедра,** која би опфаќала: презентација на наставници, истражувачи и соработници, со нивна кратка биографија, истражувачки проекти на Катедрата, методи за евалуација на наставата, искуства со студентите итн.

**Втора значајна промена би била воведување на Продекан за меѓународна соработка. Во делот VII и VIII доста говориме за меѓународната соработка. Истото не е можно да се спроведе без надлежен продекан.**

**Цел III.1 Месечна презентација на катедри**

| Активност | Одговорно лице | Финансиски средства | KPI |
|---|---|---|---|
| Месечна презентација на катедри | Декан | - | Континуирани активности |

Ќе воведеме и начин за поттикнување на соработка меѓу катедрите според следниот принцип: факултетските научни проекти ќе се доделуваат само на катедри кои соработуваат меѓу себе – вкрстени истражувања.

**Цел III.2 Научни проекти за вкрстена соработка на катедрите**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Финансирање на вкрстени проекти | Почеток од 03/2024 | Декани раководители на катедри, и продекан за наука - | Годишен извештај |

Во современиот свет, институциите организираат активности на градење тимови. Како раководител на Катедрата по педијатрија, ги спроведов бројни активности на градење тим. Истите се наведени во прилог на оваа програма. Медицинскиот факултет ќе воведе пракса за организирање на годишен тим билдинг.

**Цел III.2 3 Научни проекти за вкрстена соработка на катедрите**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Тим билдинг | 30.06.2024 | Декан, Деканатска управа | TBC[3] | Годишен извештај |

[3] To be considered

## IV. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Медицинскиот факултет ќе спроведе самоевалуација со цел идентификување на слабостите во високообразовниот процес.

Врз основа на евалуацијата, ќе се спроведат предлог мерки за подобрување на наставниот процес.

Некои од слабостите на кои ќе треба да се фокусираме се следните:

- Немаме доволно стручна литература и наставни помагала - дали ќе треба да се преведат позначајни светски автори или група автори да подготват наставни помагала;
- Немаме едукација за квалитетно одржување на настава на професорите. Тоа треба да биде дел од континуирана обука.
- Спроведување на мерки за подобрување на условите за настава – техничко опремување на амфитеатрите за одржување на хибридна настава. Амфитеатрите мора да се реновираат - да имаат вентилација, климатизација и осветлување, како и услови за интернет и електронско поврзување на сите студенти..

| Цел | Активност | Рок | Одговорно лице | KPI |
|---|---|---|---|---|
| IV.1 | Спроведување на самоевалуација | 30.06.2024 | Декан, ННС, Центар за квалитет | Извештај |
| IV.2 | Предлог мерки за литература | 30.09.2024 | | Активности |
| IV.3 | Континуирана едукација на наставниците | | | |
| IV.4 | Опремување на амфитеатрите | 31.12.2024 | | |

### IV.1 Докторски студии

Трет циклус, докторски студии, се од големо значење не само за Медицинскиот Факултет, туку и за УКИМ и за цела држава. Ќе се заложам за создавање на акредитација на нови докторски студиски програми согласно програмите на други врвни европски и светски универзитети.

Од круцијална важност е подобрување на наставата, реализирање на годишни конференции, работилници, семинари и други активности за докторантите, и наставна мобилност, канење на странски професори по одредени тематски области и мобилност на кадар.

Презентирање на сите предложени теми за изработка на докторска дисертација. Активно вклучување на докторантите во научно-истражувачката работа и во проекти од кои ќе произлезат трудови објавени во
рангирани медицински списанија.

## IV.2. Специјализации

- Континуирано спроведување на конкурси за нови специјализанти и суспецијализанти

во зависност од потребите и можностите на соодветните катедри и Министерството за здравство.

- Ревидирање и усогласување на специјалистичките/супспецијалистичките

програми со европските.

- Создавање на солидни стручни кадри кои ќе бидат главни

двигатели во лекувањето на пациентите во целокупниот здравствен систем на државата.

- Поддршка на едукаторите и менторите кои се активно вклучени во

стручната едукација како и обезбедување на услови за работа и дополнителни помагала, компјутери и

друго, важни за спроведување на едукацијата и наставата.

- Организирање на

акредитирани семинари за специјализанти и супспецијализанти, заедно со Лекарската комора на

РСМ.

- Воведување на ментори и едукатори за сите супспецијализанти.
- Усогласување на специјалистичките и супспецијалистичките програми со програмите од

Европска Унија.

- Согласно со
- барањата од катедрите, воведување на нови специјализации/супспецијализации кои ќе бидат усогласени со курикулум од ЕУ.
- Ќе се продолжи и зајакне соработката со Медицинскиот симулациски центар, каде ќе можат специјализантите и супспецијализантите да се учат и стекнат практични

вештини, како на пример трахелан интубација, ендоскопија и други вештини.

- Ќе се заложам да се зголеми мобилноста на специјализантите/ супспецијализантите

во други медицински универзитетски центри со цел стекнување на нови стручни знаења, вештини и запознавање со други организациски можности.

- Редовна исплата на финансиски средства од страна на институциите кои испраќаат

кандидат на специјализација/супспецијализација. А со тоа и редовна исплата на едукаторите и менторите кои ја спроведуваат едукацијата.

- Мотивирање како на специјализантите / супспецијализантите, така и на сите активно вклучени стручни експерти-едукатори и наставен кадар во спроведување на

едукацијата.
Од тука ќе произлезе едукацијата на едукатор-ментор и продолжување на Академијата за ментори и едукатори кои ќе бидат сертифицирани.

- Акредитација на специјализациите и супспецијализациите на англиски јазик ќе биде можност

за привлекување на специјализанти/супспецијализанти и мобилност на кадар.

## V. НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Медицинскиот факултет е еден од водечките во рамките на УКИМ. Но, дали е тоа доволно? Се разбира дека секогаш можеме да бидеме подобри.

Денес, за жал, УКИМ не е на светската мапа на универзитети.

На популарното Шангајско рангирање - Academic Ranking of World Universities [vii] - во врвните 500 ги има Белград, Загреб и Љубљана. Го нема УКИМ. Го нема ни меѓу првите 1, 000.

Проблем е што во ТОП 1, 000 се наоѓа универзитетот во Нови Сад а го нема Скопје.

| Rank | | | Rank | |
|---|---|---|---|---|
| 401-500 | University of Belgrade | | 1 | 0.0 |
| 901-1000 | University of Novi Sad | | 2 | 0.0 |

* Institutions within the same rank range are listed alphabetically.

Да биде ситуацијата посериозна, на следното значајно светско рангирање, QS TOP 1, 500 УКИМ го нема во првите 1, 500.

Хрватска има дури четири рангирани универзитети и тоа: Загреб, Осиек, Риека и Сплит. Србија, исто така, има четири универзитети, и тоа Крагуевац и Ниш се додадени на Белград и Нови Сад.[viii]

Табела: QS рангирани универзитети во Хрватска и Србија

| Rank | University |
|---|---|
| 801-1000 | University of Zagreb<br>Zagreb, Croatia |
| 1001-1200 | The Josip Juraj Strossmayer University of Osijek<br>Osijek, Croatia |
| 1001-1200 | University of Rijeka<br>Rijeka, Croatia |
| 1201-1400 | University of Split<br>Split, Croatia |

| ↑Rank | ↓University |
|---|---|
| 1001-1200 | University of Belgrade<br>Belgrade, Serbia |
| 1201-1400 | University of Kragujevac<br>Kragujevac, Serbia |
| 1201-1400 | University of Niš<br>Niš, Serbia |
| 1201-1400 | University of Novi Sad<br>Novi Sad, Serbia |

За жал, УКИМ се појавува единствено на „утешната листа“ на универзитетите од ЕССА регионот (Emerging Europe and Central Asia) и тоа на 157 место.[ix]

Дали имаме потенцијал да бидеме подобри?

Се разбира дека имаме.

Па, во нашите редови се некои од најзначајните истражувачи во Македонија.

Сегашната состојба ќе ја анализирам целосно преку:

- Анализа на научен опис по катедри /институти,
- Анализа на научен опус за секој наставник,
- Анализа на тоа каде најчесто публикуваме и како да се подобриме.

**Цел V.1**

| Активност | Рок | Финансирање | Одговорен | KPI |
|---|---|---|---|---|
| Анализа на научен опус | 31.12.2023 | - | Продекан за наука | Извештај на ННС |

По анализа на состојбите, Медицинскиот факултет ќе организира континуирани активности за подобрување на научно истражувачката работа.

Таа би вклучила, но не би се ограничила, на некои од следните обуки:

- Обука за пишување на научи трудови;
- Обука за пишување на квалитативни научни трудови;
- Обука за користење на квантитативни софтверски алатки: EXCEL и SPSS;
- Политика на финансирање на објави: секој труд објавен на Web of Science / Clarivate ќе бид спонзориран со 500 евра дополнително на средствата кои ги доделува МОН;
- Политика на финансирање на објави: секој труд објавен во списанија индексирани на други бази: SCOPUS и EBSCO спонзориран со 300 евра дополнително на средствата кои ги доделува МОН;

- Политика на финансирање и поттикнување на истражувања спроведени од вкрстени тимови од повеќе катедри
- Политика на финансирање и поттикнување на истражувања спроведени од вкрстени тимови од повеќе универзитети со кои Факултетот има меѓународна соработка.
- Обука за користење на социјални мрежи за подобрување на видливоста на научно истражувачката работа

**Цел V.2**

| Активност | Рок | Финансирање | Одговорен | KPI |
|---|---|---|---|---|
| КПУ за научна работа | Континуитет | ТВС | Продекан за наука | Годишен извештај на ННС |

Најголем дел од финансирањето на научната работа во современа Европа се финансира од проекти финансирани од ЕУ.

За жал, на веб страницата на Факултетот не постои ниту една информација за меѓународните проекти. Ниту на веб страницата на УКИМ нема за ништо друго освен за Еразмус и тоа само формални документи (апликации и слично).

Една од најзначајните опции за научна соработка е вклучување на Факултетот во програмите на ЕУ: Erasmus, Horizons 2020, COST и други.

Медицинскиот факултет веднаш ќе отпочне со активности за едукација на наставниците за користење на европски фондови и примена на истите.

| Цел | Активност<br>Обуки за аплицирање | Рок | Финансирање | Одговорен | KPI |
|---|---|---|---|---|---|
| **V.3** | Horizons EUROPE<br>Horizon Europe is the EU’s key programme for research and innovation with huge budget | 31.12 | ТВС | Деканатска управа | Извештај |
| **V.4** | COST[x] - European Cooperation in Science and Technology | 31.03.2024 | | | |
| **V.5** | Erasmus for Staff (teaching)<br>With Erasmus+, opportunities are available to spend time teaching at an education institution abroad | 3o06.2023 | | | |

## VI. БИБЛИОТЕКА

Библиотеката е срж на наставната и научната работа.

Потребна е целосна анализа на постојната состојба. На веб страницата на Медицинскиот факултет имаме одлични линкови од литература потребна за студентите[xi]

Но, има бројни проблеми:

-многу изданија се од издавачи кои веќе не постојат (на пример, Табернакул)

-имаме изданија од наши наставници кои се стари повеќе од 20 години;

- немаме електронски пристап до литературата,

-нема информации за достапност на меѓународни списанија во нашата библиотека.

**Цел VI.1**

| Активност | Рок | Финансирање | Одговорен | KPI |
|---|---|---|---|---|
| Анализа на библиотечниот фонд | 31.12.2023 | Продекан за наука<br>Продекан за настава | | Извештај |

Во таа насока, ќе ги предложам следните активности:

| **Цел VI.2** Активност | Рок | Финансирање | Одговорен | KPI |
|---|---|---|---|---|
| Претплата на најмалку една електронска научна база | 31.12 | -TBC | Продекан за наука<br>Продекан за настава | Извештај |
| **Цел VI.2 Претплата на врвни медицински журнали** | 31.12.2023 | TBC | Продекан за наука<br>Продекан за настава | Извештај |
| **Цел VI.3 Учество во системот на размена https://mk.cobiss.net** | 31.12. | - | Продекан за наука<br>Продекан за настава | Извештај |
| | | | | |
| **Цел VI.4 Пристап до бази на податоци со партнерски универзитети** - | | - | | |
| **Изнаоѓање начини за соработка со библиотеките на партнерските универзитети** | | | | |
| **Цел VI.5 Изнаоѓање на слободни научни бази и нивно споделување на веб страницата на Медицинскиот факултет** | | | библиотекар и Деканатска управа | |

| - | |
|---|---|
| **На пример:**<br>European Journal of Cases in Internal medicine<br>European Review of Medical and Pharmaceuticals Sciences<br>Archives of Industrial Hygiene and Toxicology | |

Горенаведените цели се значајни за библиотечното работење.

**Би навеле и една многу значајна цел, а тоа е осовременување на литературата во наставата.**

**Но, тоа е активност која мораме заеднички да ја спроведеме, односно е работа прво на катедрите а потоа на ННС.**

| **Цел VI** Активност | Рок | Финансира ње | Одговорен | KPI |
|---|---|---|---|---|
| Ревизија на потребната литература | 2024 | | Катедри | Извештај |
| Разгледување на можноста за соработка со списанија | 2024 | - | Катедри и продекан за наука | Извештај |
| | | | | |

На крајот, како еден од позитивните аспекти би ги истакнале листата на списанија од Македонија од областа на медицината, кои се објавени на следниот ЛИНК.

## VII. Меѓународна соработка и двојна диплома

На мрежната страница на Медицинскиот факултет не постои ниту една информација за меѓународната соработка на оваа институција, за склучени договори за Еразмус, ниту пак за проекти. На линкот Меѓународни-проекти не се отвора ништо.[4]




**УКИМ е член на УКИМ е член на UNICA- асоцијација на универзитети од главни градови на Европа. Досегашната соработка на Медицинскиот факултет во мрежата е АПОСЛУТНА НУЛА!!! Зошто?**

На веб страницата на УКИМ не може да се најде список на универзитети со кои УКИМ има склучено меѓународни договори за соработка.[5] Има само спецификација на асоцијациите на кои УКИМ припаѓа.

Во таа насока, Медицинскиот факултет ќе ги спроведува следните активности:

| Цел | Активност | Рок | Одговорен | KPI |
|---|---|---|---|---|
| VIII.1 | Контакти со Медицинските факултет кои се дел од универзитети - асоцијации чиј член е УКИМ | 31.12 | Продекан за наука/ настава | Извештај |
| **VIII.2** | Иницирање на членство во YERUN | | Деканатска управа | Извештај |
| **VIII.3** | Иницирање на членство во YUFE[xii] | Декан на Ректорска управа | | “ |

[4] Пристапено на 28.03.2023
[5] https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=42&glavno=42 пристапено на 28.03.2023

Медицинскиот факултет при УКИМ би иницирал и влез на УКИМ во мрежата на млади истражувачки универзитети во Европа, YERUN, формирана во 2016 – та година. Истражувачкиот буџет кој е споделен во рамките на YERUN[xiii] изнесува 4 милијарди евра. YUFE е асоцијација на универзитети за иднината на Европа: Young Universities for the Future of Europe, и опфаќа мобилност на студенти и кадар.

| YERUN Мрежата на млади истражувачки универзитети во Европа | YUFE – Young Universities for the Future of Europe |
|---|---|
|   |   |
| | |

**Horizon Europe[xiv] и COST[xv]**

| | |
|---|---|
|   | cost<br>EUROPEAN COOPERATION IN SCIENCE & TECHNOLOGY |

**Horizon Europe** е клучна програма за финансирање на ЕУ за истражување и иновации со буџет од 95,5 милијарди евра. Програмата ја олеснува соработката и го зајакнува влијанието на истражувањето и иновациите во развојот, поддршката и

имплементацијата на политиките на ЕУ додека се справува со глобалните предизвици. Поддржува создавање и подобро распространување на знаење и технологии.

**COST е европска програма за финансирање ан вкрстени истражувања.**

Проектите опфаќаат повеќе универзитети и траат четири години. Опфаќаат и интеракции со претпријатија, невладин сектор и слично.

**Немам информации дека Медицински факултет аплицирал за некој проект во рамките на обете програми.**

**Други меѓународни организации**

Медицинскиот факултет ќе се обиде, директно или индиректно, да влијае на вклучувањето на Република Северна Македонија во повеќе меѓународни организации и институции, како на пример долунаведенит

| Европската Унија на Специјалисти по Медицина | Меѓународна акредитација во здравствена заштита |
|---|---|
|  |  |

**OPEN BALKAN**

Во сегментот на размислувања околу меѓународната соработка би ја земале предвид иницијативата на трите соседни земји - Отворен Балкан. Од 30.06.2023 год. нема веќе ограничување на вработувањата меѓу трите земји, што ќе значи и нов импулс во меѓусебната соработка.

| Активност<br>Подготовка за Отворен Балкан:<br>Регионални проекти и поврзување со медицинските факултети во Белград и Тирана | | |
|---|---|---|
| University of Belgrade | UNIVERSITETI I TIRANËS | |

## VIII. МЕЃУНАРОДНА МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИ И НАСТАВНИЦИ

**ERASMUS & CEEPUS**

Во рамки на мобилноста, се разбира, прв и неприкосновен инструмент според значење е мобилноста која се остварува во рамките на Еразмус.

Кај Еразмус проблем е реципроцитетот, односно капацитетот на нашите студенти и истражувачи кои заминуваат на престој е пропорционален со капацитетот на студенти и професори кои доаѓаат на престој.

Од тој аспект, треба да размислиме како нашите студии да ги направиме поатрактивни за меѓународни студенти-истражувачи.

Би предложила иницирање на подготовки за отворање на посебна насока на нашиот факултет: Студии на англиски јазик.

Додека во рамките на Еразмус постојат некои активности на МФ, во рамките на ЦЕЕПУС, не сум запозната со ниту една активност.

Но тоа е целосно недоволно и потенцијалот за размена во рамките на Еразмус е далеку поголем.

Покрај горенаведеното, би се фокусирале и на регионални соработки во рамки на мрежата ЦЕЕПУС. Таа е многу малку застапена на Медицинскиот факултет, а ЦЕЕПУС[xvi] овозможува краткорочни стручни и научни престои во земјите од Централна и Источна Европа.

| **V.4** | Интензивирање на Еразмус | **V.5** | Започнување со CEEPUS |
|---|---|---|---|
| Erasmus+ Enriching lives, opening minds. | |  | |

| Цел | Активност | Рок | Фин. | Одговорен | KPI |
|---|---|---|---|---|---|
| **IX.2** | Иницирање на CEEPUS мрежи. | 31.12 | ТВС | Продекан за меѓ. соработка | Извештај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **VIII.2** | Интензивирање на Еразмус | 31.12. | | “ | “ |

**Настава на Англиски јазик и Двојна диплома**

Како урнек за настава на англиски јазик можеме да го користиме Универзитетот во Сплит, кој, како што знаеме, е рангиран во првите 1, 500 според QS.[xvii]

Студиите на англиски јазик ги имаат следните предности:

- Мобилност на наставници и студенти
- Користење на литература
- Можност за двојна диплома
- Поголем број на меѓународни студени кои се многу значајни во сите рангирања (Internationalization)
- Подготовка за Отворен Балкан
- **Повисоки хонорари за предавачите избрани на овие програми**

**Двојна диплома**

Медицинскиот факултет ќе иницира програма за двојна диплома со некои од универзитети со кои УКИМ има соработка, а кои се рангирано во ТОП 500, како на пример:

| Сапиенца - Рим | Карлов Универзитет - Прага |
|---|---|
| | |

| Цел | Активност | Рок | Фин. | Одговорен | KPI |
|---|---|---|---|---|---|
| **VIII.1** | Отворање на постапка за испитување на можностите за посебна насока на Англиски јазик по урнек на МФ Сплит. | 31.12 | TBC | Деканатска управа | Извештај |
| **VIII.2** | Отварање можност за двојна диплома | 31.12.2024 | | Продекан за меѓународна соработја | |

## IX. Студенти

Студентите се клучна алка во наставно-образовниот процес на Медицинскиот факултет. Поради тоа, како и досега, како раководител на Катедрата за педијатрија, и како Декан, лично ќе се заложам да продолжат досегашните активности и да се развијат активности со сите катедри, како што се: научно-истражувачки активности, конгреси, семинари, одбележување на посебни денови (пр. Ден на ретки болести), кои се во нивните програми. Активна соработка со сите студентски здруженија – Факултетско студентско собрание на Медицински факултет – Скопје, Здружение на студенти по медицина (ЗСМ), Македонска медицинска студентска асоцијација (ММСА), Европска медицинска студентска асоцијација (ЕМСА).



Како и досега, додека бев раководител на Катедрата по педијатрија, така и отсега, целосно ќе ги поддржувам студентските организации.

Ќе имам активна соработка со студентските здруженија – Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет – Скопје, Здружение на студенти по медицина (ЗСМ), Македонска медицинска студентска асоцијација (ММСА), Европска медицинска студентска асоцијација (ЕМСА).



Поддршка на Студентскиот конгрес и Студентската летна школа со работилници на кои учествуваа членови од Катедрата за педијатрија.



## X. За крај: Не ветувам само зборови, туку остварувам. Погледнете ги моите резултати

**Доволно е да се види Извештај за работата на Катедрата за педијатрија за периодот 2021-2023.** Во периодот од јануари 2021 до април 2023 година, како раководител на Катедрата за педијатрија, бев максимално посветена на работата и афирмацијата на оваа катедра.

### I. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ ЗА НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА, ПРОЕКТИ И ПУБЛИЦИСТИКА

1) **Подобрување на компјутерските вештини за истражувачи**

Одржавме настава: „Совладуваме компјутерски вештини” со професор–информатичар за членови на Катедрата, едукатори и студенти. Реализиравме три модули за компјутерски апликации и доделивме сертификати.




2) **Нови книги и монографии од автори-членови на Катедрата за педијатрија**

**Во овој период Катедрата организираше издавање на книги како на пример: Скрининзи и вакцинации кај новородено дете**


Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Медицински факултет – Скопје

Главен уредник: Снежана Јанчевска
Уредници: Аспазија Софијанова и Соња Бојаџиева

**СКРИНИНЗИ И ВАКЦИНАЦИИ КАЈ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ**

Скопје, 2021



3) Во тек е изготвување на првиот учебник: „Педијатрија на македонски јазик за студенти по медицина“ - капитално дело за студенти, специјализанти и супспецијализанти.

4) Во тек е извештај на алманах со пораки од сите членови на Катедрата - „Пораки за идните генерации”.

5) Подарок од компанија на два тома книги: „Педијатрија“ Нелсон 2019 издание.

6) Организирани семинари и едукации за специјализантите (12 семинари), акредитирани во Лекарска комора на РСМ.

7) За првпат започнат проект „Мултидисциплинарна дијагностика во педијатријата“, иновативен проект на Катедрата со што се поставија нови мостови на соработка со други институции и други катедри.

8) Тимот за изготвување на проекти активно работеше на аплицирање за проекти финансирани од Медицински факултет и добиени се три проекти. Аплициравме и за проект кој требаше да биде финансиран од УКИМ, но не беше добиен.

## II. ТЕХНИЧКИ ПОДОБРУВАЊА НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА

**2022 Целосно беше реновиран амфитеатарот, со поддршка од пријатели и спонзори** Подлоги, осветлување, 96 столови, прозори, говорница, инвертор-клими, библиотеката итн.









Со реновирањето поставивме и слики од сите претходни раководители на Катедрата по педијатрија.



**2022 Беа набавени аудио-визуелни помагала за амфитеатарот, со поддршка од Деканатот**

Со финансии од Медицински факултет, средства обезбедени од Катедрата за педијатрија беше набавено озвучување, звучници, миксета, микрофон и осветлување.

Се реализираше евалуација и статистичка обработка на наставата по наставници и се планираше претстојната работа на Катедрата. Се формираа тимови за работа, како: тим за наука, тим за настава со координатор, тим за односи со јавност и други.

**Во јануари 2021 воведовме брз интернет во амфитеатарот и библиотеката на Катедрата**

Со претходниот раководител на Катедрата за педијатрија, имавме примопредавање на функцијата и службениот печат, како свечано така и работно, и воведовме интернет во просториите на амфитеатарот и библиотеката на Катедрата за да може непречено да се одвива работата на Катедрата.




III. **Градење на тимски дух на Катедрата, но и соработка со другите катедри**

Бидејќи тимскиот дух има најголемо влијание на ефикасноста, како во рамките на една единица, катедра, така и во рамките на факултетот, вкрстената интердисциплинарна соработка е една од најзначајните за успех на нашиот факултет.

**Градење на тимски дух**

Во винаријата Попова кула првпат беше организиран тим билдинг за сите членови на Катедрата за педијатрија, едукатори, соработници, и претставници од Деканат и студенти.




**Работилница за зголемување на визибилноста на Катедрата**

2021 – беше одржана работилница за зголемување на визибилноста под наслов „Денови на зголемена научно-истражувачка видливост на Катедрата за педијатрија“ со воведување на трудови во Ризница, ORCID, Research Gate.

2021 и 2022 – беше одржана работилница за научно-истражувачка работа под наслов: „Како настанува едно научно-истражувачко дело” и „Како да се напише добар наслов на еден научен труд”.




**Вкрстени работилници**

Одржавме повеќе вкрстени работилници со други катедри.

**“Зголемување на визибилноста на Катедрата за педијатрија со активирање на сите официјални email адреси на членовите на Катедрата, и на самата Катедра.”**

Зголемување на визибилноста преку изработка на веб страница, која е во тек. Во моментот е активна Фејсбук страницата:
https://www.facebook.com/profile.php?id=100063971508684

Насловна страница на веб страницата:



**2023- Вкрстени настани со други катедри и здруженија**

**Третман на дијабетична кетоацидоза**



ПОКАНА ЗА СТРУЧНА СРЕДБА
“ТРЕТМАН НА ДИЈАБЕТИЧНА КЕТОАЦИДОЗА”

Здружението на лекари по анестезија, реанимација и интензивно лекување - ЗЛАРИЛ, во соработка со Македонското научно здужение на ендокринолози и дијабетолози, Катедра за педијатрија и Македонска медицинска студентска асоцијација (ММСА), организира стручна средба под наслов **“Третман на дијабетична кетоацидоза”**, на ден 16.03.2023 година, четврток, со почеток во 14:30 часот во просториите на Деканат на Медицински факултет во Скопје, со следниот дневен ред:

| | |
|---|---|
| 14:30-14:45 | Регистрација на учесниците |
| 14:45-14:50 | Отварање на стручната средба - обраќање<br>Доц д-р. Весна Дурнев, Претседател на ЗЛАРИЛ<br>Проф. д-р. Никола Јанкуловски, Ректор на УКИМ<br>Проф. д-р. Горан Димитров, Претседател на МЛД |
| 14:50-15:10 | Пристап во третманот на дијабетична кетоацидоза кај возрасни<br>Проф д-р Татјана Миленковиќ<br>Универзитетска Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички заболувања, Претседател на Македонско научно здружение на ендокринолози и дијабетолози |
| 15:10-15:30 | Дијабетична кетоацидоза (ДКА) кај деца и адолесценти<br>Проф д-р Марина Крстевска Константинова<br>Катедра за педијатрија, Универзитетска Клиника за детски болести |
| 15.30-15:50 | Дијабетична кетоацидоза во единица за интензивно лекување.<br>Асс. д-р сци Биљана Андоновска ЈЗУ КАРИЛ |
| 15:50-16:10 | Интензивен третман на ДКА - презентација на случај<br>Д-р сци Дарко Саздов, Болница "Аџибадем Систина" |
| 16:10-16:25 | Дискусија и затварање на стручната средба |
| 16:30 | Коктел<br>Во клуб 12 12 (над Three Kitchen and Bar)<br>>> Vertical Drinking & Dancing<< |

**Настанот е акредитиран од ЛКСМ/МЛД**

Регистрација за настанот 300, 00 МКД
(преку веб странaта на МЛД)
https://kme.mld.mk/product/2023zlaril1/

Со почит,

Претседател на ЗЛАРИЛ
Доц д-р Весна Дурнев




**-Мултидисциплинарна дијагностика во педијатријата**

## III. Здравствени и хуманитарни активности

Здравствената дејност е во својата суштина хумана дејност. Најмалку што можеме да сториме за заедницата е и ние да организираме хуманитарни активности и тоа го правевме на Катедрата за педијатрија. Реализиравме две крводарителски акции кои имаа огромна посетеност.




Исто така, реализиравме и настан „Ден на ретките болести“.



## IV. Соработка со студентските организации

Како раководител, остварив активна соработка со следниве студентски здруженија: ММСА (Македонска медицинска студентска асоцијација), Факултетско студентско собрание на Медицински факултет , Здружение на студенти по медицина, Европска медицинска студентска асоцијација.




Со работилници на кои учествуваа членови од Катедрата за педијатрија ги поддржавме Студентскиот конгрес и Студентската летна школа.

Поддршка на Студентскиот конгрес и Студентската летна школа, со работилници на кои учествуваа членови од Катедрата за педијатрија.

| | |
|---|---|
|  |  |

**ПРИЛОГ КРАТКО CV**



**CURRICULUM VITAE**

## Образование, научни и стручни степени

- **2015** Завршена супспецијализација по Педијатриска гастроентерологија
- 2013 Стекнато звање „Примариус“
- 2013 Одбранет докторат со наслов **„Корелација помеѓу генотипските, фенотипските и имунолошките карактеристики на инфламаторната болест на цревата во детската возраст” на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**
- 2003 Одбрана на магистерски труд со наслов **„Значењето на квантитативното одредување на албумин и ИгГ во ликвор во диференцирање на разни морбидни состојби во централен нервен систем” на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;**
- 2001 Завршена специјализација по Педијатрија;
- 1995 Положен стручен испит
- 1994 Медицински факултет при Универзитетот Св Кирил и Методиј, просечна оцена 9,12;

**Наставно – научни и соработнички звања**

- 2019 Избрана за Вонреден професор по предметот Педијатрија
- 2015 Избрана за Доцент по предметот Педијатрија
- 2015 Избрана за Научен соработник по предметот Педијатрија
- 2005 Избрана за Асистент по предметот за Педијатрија

## Работно искуство

- 2021 Избрана за раководител на Катедра за педијатрија, Медицински факултет, УКИМ, Скопје.
- 2020 Раководител на Оддел за Гастроентерологија

## Стручни престои и усовршувања

- 2017 Завршен ESME Oline Course“ Essential Skills in Medical Education”, финансиран од Медицински факултет, Скопје.
- 2016 Завршена обука за наставен кадар на Медицинскиот факултет во Скопје за стекнување на методолошко-педагошки вештини во наставата “Техники на реализација на наставата”
- 2016 Работилници за стекнување на методолошко-педагошки вештини во наставата на Медицинскиот факултет во Скопје  Форми и методи на активна настава”.
- **2014 Стручен престој во период од три месеци во Pediatric hospital Bambino Gesu, Department of Digestive and Endoscopic Surgery, Рим**
- 2014 Workshop Mallatie Inflammatorie Dell’ Intestino Early Onset and Young Adults: Piccoli e Grandi Problemi. Bambino Gesu, Рим
- 2010 - Координатор за имплементација и организација на ДРГ при Универзитетска Клиника за детски болести.
- 2010 Perioperative Nutritional Course “ Life Long Learning Program Leonardo da vinci“ ESPEN
- 2008 Стручен престој во период од еден месец во St Luc Hospital во Брисел, Белгија.
- 2007 Стручен престој во период од еден месец во Универзитетската Детска Клиника во Грац, Австрија.
- 2007 Декември завршен семинар од областа на педијатриската ултразвучна радиологија во Универзитетската детска клиника во, Белград, Србија
- 2004 Salzburg-Philadelphia Семинар од областа на “Pediatric gastroenterology” , the Children Hospital of Philadelphia Салзбург Австрија
- 2004 Завршен семинар NutritionalAssesment Course Instanbul, Turkey “ Life Long Learning Program Leonardo da vinci“ ESPEN
- 2002 Завршен семинар: Salzburg-Philadelphia, Семинар од областа на“Pediatric gastroenterology , the Children Hospital of Philadelphia , Салзбург Австрија
- 2002 5$^{th}$ Master class in Modern Pediatric Endoscopy, Center for Paediatric Gastroenterology, Royal Free University colleage Medical school London

- 1993 Студентска размена, престој во тек на еден месец на Cental Hospital Nainstein Clinic, Pediatric department, Хелсинки , Финска

## Членства

- 2022 – Член на Собрание на Лекарска комора на Македонија
- 2018-2019 година Гувернер на Лионс Дистрикт 132 Македонија
- 2015- година избрана за Генерален секретар на Здружението на педијатрите на Р. Македонија.
- 2015 Активен полноправен член на ESPGHAN
- 2001 - Активен член во Македонското здружение за парентерална и ентерална исхрана
- 2005-Член на Здружението за гастроентерологија и хепатологија на Македонија
- 2000-2002 Член на Европското друштво за базична и клиничка имунологија.
- 2007 година Траининг член на Европското здружение за педијатриска гастроентерохепатологија и нутриција (ESPGHAN)
- 2003 г - Активен член во Европската асоцијација за Парентерална и ентерална исхрана (ЕСПЕН).
- 1990-1994 година ССММ Активен член во Сојуз на студенти по медицина на Македонија, организатор на возобновениот „Бал на медицинари“

**Награди и благодарници**

- Награда Трифун Пановски, на Македонско Лекарско Друштво, 2023
- 13 Ноемвриска награда на Град Скопје 2022

**Научна работа:**
**Автор на повеќе од 30 научни и стручни трудови кои се достапни на:**
https://www.researchgate.net/profile/Sonja-Bojadzieva
https://scholar.google.com/citations?user=HMCzI-wAAAAJ&hl=en&oi=ao
https://repository.ukim.mk/cris/rp/rp02198

**Телефон на работа:** +389 2 3147 -722
**Моб. тел:** +389 76 457-627

**e-mail :** sonja.bojadzieva@medf.ukim.edu.mk /sonjaboj@yahoo.com

[i] https://www.jewishfolsom.org/templates/blog/post_cdo/aid/524209/PostID/77281
[ii] Извештај-за-самоевалуација-Медицински-факултет-во-Скопје
[iii] http://medf.ukim.edu.mk/%d0%b8%d0%bd%d1%81%d1%82%d0%b8%d1%82%d1%83%d1%82%d0%b8/
[iv] Извор: Извештај за самоевалуција, страница 76 Извештај за самоевалуација
[v] https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/14
[vi] https://ahpgs.de/en/welcome-to-the-ahpgs/
[vii] https://www.shanghairanking.com/news/arwu/2022
[viii] https://www.topuniversities.com/university-rankings/world-university-rankings/2023
[ix] https://www.topuniversities.com/university-rankings/eeca-rankings/2022
[x] https://www.cost.eu/
[xi] http://medf.ukim.edu.mk/%D0%9B%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%B0%D1%82%D1%83%D1%80%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8-%D0%BF%D0%BE-%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B4%D1%80%D0%B8/
[xii] https://yufe.eu//staff/
[xiii] https://yerun.eu/about-us/
[xiv] https://research-and-innovation.ec.europa.eu/funding/funding-opportunities/funding-programmes-and-open-calls/horizon-europe_en
[xv] https://www.cost.eu/
[xvi] https://www.ceepus.info/content/how
[xvii] https://mefst.unist.hr/studies/medical-studies-in-english/83